**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДЕВЕТАТА седница на
## Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 26.02.2026 година

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2026 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Деветата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 26.02.2026 година**

Седницата започна во 11:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација, в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** на начинот на кој е изготвен нацрт-записникот, односно во истиот не се нотирани суштински информации за текот на седницата.

Советот го усвои Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со забелешки со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата**.**

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година;
2. Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување

на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;
7. Предлог - Одлука за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија и давање на согласност на склучен договор за донација; и
8. Советнички прашања.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Маја Никодиновска (Левица).

Советот ја донесе Одлуката за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **21 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија и давање на согласност на склучен договор за донација.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членот на советот Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Во својата дискусија членот на советот - **Александар Вељановски** побара писмена информација каде точно ќе биде употребена количината од 237 тони отпадна гребана асфалтна маса.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија и давање на согласност на склучен договор за донација, со **23 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**По паузата.**

**ОСМА ТОЧКА: Советнички прашања.**

**Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Што е направено од Ваша страна во однос на избегнување на каматата во висина од 54.000.000,00 (во врска со споделената информација од Градоначачникот на Општина Гази Баба на 8-та седница на советот во врска со 2 (две) правосилни судски пресуди за постапки од 2019/2020 година со која општината е задолжена да плати на 3 (три) фирми сопственици на поранешен "Скопски Саем" износ од 127.000.000,00 денари) ?;

2. Кои конкретни мерки се превземени за решавање на проблемот со поранешниот дом "Ранка Милановиќ"?;

3. Дали е точно дека поради раскинување на Договорот за изградба на општинската зграда ке има наплата?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

**Владимир Бојанов** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе биде изградена спортската сала во ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје ?;

2. Дали општината планира комеморативен настан во сеќавање на настраданите од катастрофалните поплави во Стајковци ?;

3. Дали ќе биде организиран настан по повод 50 години од постоењето на Општина Гази Баба?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

**Горан Николовски** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали има и према кога од претходното раководство на општината се поднесени кривични пријави ?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

**Виолета Здравевска** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога е предвидено да се заврши изградбата на Домот на култура "11 Октомври" во населба Ченто ?;
2. Кога е предвидено да се заврши изградбата на новата училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

**Биљана Муиќ** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски

1. До каде е постапката за изградба на катна гаража во населба Автокоманда?;
2. До каде е постапката за Деталниот урбанистички план кај местото Мебло ?;
3. Дали е објавен огласот за јавна набавка на контејнери за кабаст отпад ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

**Маја Никодиновска** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е постапката со улицата "Лазар Поп Трајков" во населба Автокоманда ?;

2. Каде ќе бидат распределени прочистувачите на воздух за кој се предвидени средства во Буџетот на Општина Гази Баба ?;

3. Кога ќе се санираат дупките на улицата после рампа кај Хиподром 2, улица "Финска", улица "Коце Металец", надвозникот после населба Маџари према населба Ченто ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување беше побарано.

**Филип Анастасов** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали има интерес за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом и колку барања се поднесени ?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

**Јасминка Георгиева** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Зошто детската градинка во населено место Трубарево сеуште не е отворенав ?;

2. Кога ќе се реши проблемот со улица "Финска" кај стадионот "Борис Трајковски" ?;

3. Зошто сеуште не е завршена фекалната канализација за Чукур мало?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

**Крстена Јовановска** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е постапката за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево ?;

*Коментар од стручната служба:*

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

**Влатко Ристовски** (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски

1. Колку контејнери се набавени во претходната година, колку се планираат да се набават оваа година и со колку располагаме во моментот ?;

2. Колку средства од Буџетот на Општина Гази Баба до сега се потрошени за репрезентација ?;

3. Како ќе се реши сообраќајниот хаос кај пазарот во населба Ченто ?.

*Коментар од стручната служба:*

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

Поради избегнување на можни ненамерни грешки и непотребна слободна интерпретација на одговорите на Градоначалникот од страна на стручната служба - изготвувач на записникот, **одговорите на Градоначалникот во автентична изворна форма се достапни преку аудио записот од седницата на советот, како составен дел на записникот**.

Пред заклучувањето на седницата, членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), зеде збор и упати забелешка до Градоначалникот на Општина Гази Баба поради несвикување на координација со советничките групи од почетокот на овој мандат на советот.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Деветата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:10** часот.

**Број 09-1471/2**
**од 11 март 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот